Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми одржана на 29.04.2024 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Барањето за утврдување начелно правно мислење, поднесено од Илко Петров од Скопје, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

Барањето за утврдување начелно правно мислење, поднесено од Илко Петров од Скопје, заведен под СУ-03.бр.211/24 од 18.03.2024 година, СЕ ОТФРЛА.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите „Службен весник на РМ“ бр. 58/2006, 35/2008, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 29.04.2024 година расправаше по Барањето за начелно правно мислење Су-03.бр.211/24 од 18.03.2024 година поднесена од Илко Петров од Скопје.

Во барањето подносителот предлага Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија да утврди начелно правно мислење по однос на прашањето „Дали во граѓански спор кога се тужи РСМ да ја надомести штетата треба граѓанскиот суд да ги анализира или не законитостите на оспорените одлуки?“.

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на Република Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија одлучувајќи по барањето - иницијатива утврди дека истото е поднесено од физичко лице, а не од субјект кој согласно погорецитираната одредба е овластен за поднесување на иницијатива.

Имајќи го превид изложеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија наоѓа дека барањето Су-03.бр.211/24 од 18.03.2024 година треба да се отфрли од причина што не е поднесено од овластен субјект, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите.

Општа седница
на Врховен суд на Република Северна Македонија